| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3246. | **Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда-прва емисија на обврзници | 7 |
| 3247. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на водење на книгата на налози | 8 |
| 3248. | **Правилник** за формата и содржината на барањето за добивање дозвола за преземање | 8 |
| 3249. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за давање на согласност за именување на директор на берза | 14 |
| 3250. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на давање согласност за именување директор на овластено правно лице за вршење услуги со хартии од вредност | 15 |
| 3251. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начиниот и постапката за давање на согласност за именување на директор на депозитар за хартии од вредност | 16 |
| 3252. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начинот постапката и потребната документација за добивање дозвола за работење на друштво за управување со инвестициски фондови | 17 |
| 3253. | **Правилник** за измена на Правилникот за начинот и постапката за избор на член на управен одбор и на надзорен одбор на пензиско друштво | 18 |
| 3254. | **Решение** за забрана на увоз и транзит на говедско месо и месо од диви преживари, производи и преработки од говедско месо и месо од диви преживари, млеко и производи од млеко од говеда, како и нуспроизводи од говеда и диви преживари во Република Македонија од Република Косово | 18 |
| 3255. | **Одлука** за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија | 18 |
| 3256. | **Решение** за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија | 19 |
| | **Огласен дел** | 1-76 |


# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3231.**

Врз основа на член 26 став (4) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.7.2016 година, донесе

## УРЕДБА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ЛЕТАЊЕ

Член 1

Во Уредбата за посебните услови, начинот и постапката за добивање на одобрение за летање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/13 и 131/15), во членот 2, во точката 6) зборовите: „комерцијални воздухопловни операции“ се заменуваат со зборовите: „комерцијален воздушен превоз“.

Член 2

Во членот 3, став (1), точката ѓ) се менува и гласи: “ѓ) да има важечко осигурување во поглед на одговорност за патници, багаж и стока, како и за одговорност кон трети лица на земја согласно минималното осигурително покритие утврдено во Регулативата (ЕЗ) бр. 785/2004 на Европскиот парламент и на Советот од 21 април 2004 година за условите за осигурување за авиопревозници и оператори на воздухоплови (во понатамошниот текст: ЕУ Регулатива 785/2004), која е преземена согласно Анексот I од Спогодбата за ЕЗВО („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/07 и 98/09) и која е објавена во “Службен весник на Република Македонија” бр. 85/2008 согласно член 194 од Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај и“.

Точката е) се брише.

Точката ж) станува точка е).

Член 3

Во членот 12, точката ѓ) се менува и гласи:

“ѓ) да има важечко осигурување во поглед на одговорност за патници, багаж и стока, како и за одговорност кон трети лица на земја согласно минималното осигурително покритие утврдено во ЕУ Регулативата 785/2004 која е преземена согласно Анексот I од Спогодбата за ЕЗВО (“Службен весник на Република Македонија” бр. 27/07 и 98/09) и која е објавена во “Службен весник на Република Македонија” бр. 85/2008 согласно член 194 од Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај и ”.

Точката е) се брише.

Точката ж) станува точка е).

Член 4

Во членот 19, во точката б) по зборот „пловидбеност“ се додаваат зборовите „,односно уверение за ревизија на пловидбеноста”.

Член 5

Во член 22, во ставот (1) по зборовите "медицински летови" се додаваат зборовите "и летови за потрага и спасување на воздухоплов".

Член 6

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 42-4932/1 | Претседател на Владата |
| 12 јули 2016 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Емил Димитриев,** с.р. |

---

**3232.**

Врз основа на член 8 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15 и 61/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 21.6.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ПРЕМЕРОТ ВО ФУНКЦИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТИ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија, и тоа премер на:

- објект кој се наоѓа на викано место/улица „Град", КП бр. 4586, КО Крушево;
- објект кој се наоѓа на викано место/улица „Град", КП бр. 4909, КО Крушево;
- објект кој се наоѓа на викано место/улица „Гумење", КП бр. 4027, КО Крушево;
- објект кој се наоѓа на викано место/улица „Гумење", КП бр. 4267, КО Крушево;
- објект кој се наоѓа на викано место/улица „Гумење", КП бр. 4109, КО Крушево.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 42-4544/1 | Заменик на претседателот |
| 21 јуни 2016 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Владимир Пешевски,** с.р. |

---

**3233.**

Врз основа на член 11 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија", бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16 ), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.7.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА НА ЈП „СТРЕЖЕВО" - БИТОЛА ЗА 2015 ГОДИНА**

1.Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за покривање на загубата на ЈП „Стрежево" - Битола за 2015 година, бр.02-221/4 од 10.3.2016 година, донесена од Управниот одбор на ова Јавно претпријатие, на седницата одржана на 10.3.2016 година.

2.Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија" .

| | |
|---|---|
| Бр. 42 - 4862/1 | Претседател на Владата |
| 12 јули 2016 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Емил Димитриев,** с.р. |

---

**3234.**

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.7.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ „ЈАСЕН" - СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната сметка за 2015 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"- Скопје бр. 01-165/1 од 26.2.2016 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие, на седницата, одржана на 29.2.2016 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 42-4978/1 | Претседател на Владата |
| 12 јули 2016 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Емил Димитриев,** с.р. |

---

**3235.**

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.7.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2015 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ „ЈАСЕН" – СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот извештај за работењето за 2015 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"- Скопје, бр. 01-852/1 од 13.5.2016 година, усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие, на седницата, одржана на 17.5.2016 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 42-4978/2 | Претседател на Владата |
| 12 јули 2016 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Емил Димитриев,** с.р. |